Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54та седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката пред ДКСК по предметот број 09-950/1 од 01.03.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.** Се поднесува Барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија при Државната комисија за спречување на корупцијата за службеното лице ------ ------- пратеник во Собранието на РСМ, поради тоа што по изборот на функцијата, управувањето со својата приватна фирма ---- ----- ----- ----- Скопје, го доверил на блиско лице, односно на неговиот син, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Согласно член 45 став1 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси: *„лице кое стапува на функција на избрано или именувано лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, доколку управува со трговско друштво или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за време на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности"*. Во насока на проверка на исполнувањето на овие обврски од страна на избраните и именуваните лица, ДКСК на ден 12.02.2021 година изврши проверка во Дистрибутивен систем на Централен Регистар на Република Северна Македонија и утврди дека лицето Скендер Реџепи, по изборот на функцијата пратеник во Собранието на РСМ, го променил управувањето на својата приватна фирма и истото го доверил на неговиот син, односно на блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, спротивно на претходно наведениот член.

Врз основа на вака констатираната фактичка состојба, ДКСК оформи предмет 09-950/1 од 01.03.2021 година против службеното лице ----- ------, Пратеник во Собранието на РСМ и согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси донесе Одлука која ја достави до службеното лице ------ -------, со што му се укажа на неопходноста да го отстрани судирот на интереси, односно управувањето со трговско

друштво ---- ----- ----- ------ Скопје да го довери на друго лице или тело, освен на членовите на неговото семејство

И покрај тоа што ДКСК во неколку наврати се обиде уредно да го извести службеното лице ----- ------ за состојбата со која е настаната поради повреда на законските одредби, како и за потребата од преземање конкретни чекори во насока на надминување на сторените повреди, но службеното лице не ја примаше доставната пошта и не презеде чекори во нејзино надминување.

Притоа, ДКСК се обрати и до Претседателот на Собранието на РСМ со цел да го информира за состојбата во која се наоѓа пратеник во Собранието, а известувањето до службеното лице го достави и до Собранието адресирано до лицето ----- ------, но и таквиот обид беше безуспешен.

Поради се погоре, ДКСК одлучи да донесе одлука со која ќе го запре постапувањето во предметот и ќе донесе Барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија при Државната комисија за спречување на корупцијата.

Изработил: Е.Н, соработник
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**